стотици терористички акции и е организирана т.н. „економска борба“ (бојкот), која најповеќе ги засегаше најсиромашните слоеви“. (273).

Последниот, третиот дел (225—264), е посветен на големогрчката политика спрема Македонија во периодот од 1908—1912 година.

Во првата глава се говори за големогрчката пропаганда и нејзините вооружени акции по Младотурската револуција. Во неа се изнесени мислења за положбата и дејноста на грчката пропаганда (1908—1909 г.), како и дејноста на андартските чети по Младотурската револуција. Во последната глава станува збор за антимакедонските големогрчко - бугарски дипломатски, пропагандни и четнички акции и отпорот против нив (1909—1912 г.). Овде се говори за соработката меѓу големогрчката и големобугарската „легална“ пропаганда во Македонија и за отпорот против неа, за андартско-врховистичката соработка и борбата против неа, како и за грчко-бугарскиот договор за освојување на Македонија.

Во книгата на Р. Поплазаров се провлекле низа печатни грешки. Изгледа дека таква грешка се провлекла и на стр. 41, кога станува збор за „Иванчовата афера од 1902 година“.

Во делото на Р. Поплазаров е проследена генезата на грчката политика спрема Македонија во втората половина на XIX и почетокот на XX век. Поаѓајќи, пред сé, од тој аспект, презентираниов труд претставува значаен прилог кон македонската историографија.

**Д. Д.**

## ЕДНА НЕЗАВРШЕНА МОНОГРАФИЈА ЗА ЕДНА ЗАВРШЕНА БИОГРАФИЈА (К. Солунски: Кузман Јосифовски — Питу, живот — дело — време, Скопје, 1973)

Пред нас се двете книги, со рамно 500 страници испишан текст, на јубилејното издание по повод прославата на 30-годишнината на КПМ, на историската монографија на нашиот писател **Коце Солунски** за истакнатата револуционерна фигура на најновото ослободително движење на македонскиот народ, долгогодишниот прекален комунистички револуционер, борец и раководител на Народноослободителното движење на нашиот народ и народностите од Македонија. пред и во текот на Втората светска војна, народниот херој **Кузман Јосифовски — Питу.** По објавувањето на првата монографска студија за народниот херој **Мирче Ацев,** оваа необично богата — како по обем, така и по содржина — монографија за Кузман Јосифовски — Питу е втората по ред која излегува од перото на еден нивни помлад соборец и револуционер од познатиот во текот на НОБ и Народната револуција град првенец Прилеп со своите први партизански истрели врз бугарските фашистички окупатори во Македонија.

Пишувани во контекстот на животот, делото и времето на на-

шиот национален и револуционерен трибун Кузман Јосифовски — Питу, овие две книги на стрпливото и истрајно перо на Коце Солунски претставуваат навистина една незавршена монографија за една завршена исклучителна и ретка лична биографија, зашто **животот, делото и времето** на Кузман Јосифовски — Питу, онака како што во овие две монографски книги ги има прикажано Коце Солунски, воедно се живот, дело и време на поробениот, но непокорен македонски народ од страна на ненародните режими на стара Југославија и фашистичките окупатори и нивните разни квислинзи. Покрај другото, фактот што за Питовата сосема куса но непрестајна богата револуционерна активност зборуваат писмено или усно околу 500 активни учесници и истакнати раководители на македонското и во добар дел на општојугословенското револуционерно и прогресивно движење пред војната и во текот на НОБ и Народната револуција, кои на каков и да е начин и по кои и да било задачи на тоа движење и на таа борба доаѓале во допир со Кузман Јосифовски — Питу речиси од скоро сите градови и краишта на Македонија и Белград, каде тој се формира како неустрашлив револуционер и борец на комунистичкото движење на Југославија, влегувајќи во неговиот револуционерен вител уште од првата година на студиите, и од кои добар дел повеќе ги нема меѓу живите. Кога читачот постојано низ целиот текст на двете книги на оваа монографска студија се среќава со плеадата имиња на Кузмановите соврсници, соборци, комунистички дејци и револуционери кои одделно секој на свој начин, со свои сеќавања, импресии и непосредно испишани или усни искажувања зборуваат за каков и да е момент од животниот, работниот и револуционерниот опус на Кузман Јосифовски — Питу, а особено за неговиот непрекинат, динамичен и по обем и димензии голем револуционерен и акционен радиус непосредно пред окупацијата на нашата земја и во текот на целиот период на НОБ и Народната револуција во Македонија, за него самиот како комунист, раководител, човек; за неговите мисли, судови, размислувања, преокупации, совети и насоки за тоа како да се искористат сите сили и можности за борба против окупаторите и нивните слуги во разните краишта на поробениот македонски народ и народностите во Македонија; за неговите настапи во разни околности и во разни средини, меѓу луѓето од разни старосни генерации и разни национални припадности, меѓу своите соборци со различно интелектуално и образовно рамниште и со различни погледи врз себеси и својот живот и револуционерна ориентација, не може а да не констатира дека доста опширно прикажаниот живот, дело и време на Кузман Јосифовски — Питу од страна на Коце Солунски воедно неизоставно претставуваат одреден дел на животот, делото и времето на сите нив, а преку нив и на целосната НОБ и Народна револуција на македонскиот народ и народностите од Македонија.

За народниот херој Кузман Јосифовски — Питу во двете книги

на монографија на Коце Солунски зборуваат не само бројни луѓе од неговиот град и околија и непосредните соседни градови и околии (Велес, Битола и Кавадарци), туку и од Тетовскиот, Гостиварскиот, Скопскиот, Дебарскиот, Струшкиот, Кичевскиот, Охридскиот, Кумановскиот и некои други краишта на Македонија, како и од Белград и другите градишта и републики на Југославија. За него самиот и за неговото големо революционерно дело зборуваат не само истакнати революционерни синови и ќерки на македонскиот народ, туку и на албанската, турската и влашката народност од Македонија, но воедно и повеќе или помалку познатите организатори на ослободителното движење на соседниот српски и црногорски народ. Систематизирани и хронолошки подредени во рамките на сестраниот увид врз животот, делото и времето на Кузман Јосифовски — Питу, што авторот на монографијата успеал да го стекне по макотрпната и стрплива повеќегодишна работа над постојните прилично оскудни архивски и други документи и особено со личните контакти и разговори со сите оние кои имале каков и да е допир, средба или револуционерна активност од која и да е фаза на неговиот развој како човек и комунистички деец, сите приведени во овие две книги на монографија искази, сеќавања, мисли и оцени од страна на неколкуте стотици живи или загинати соврсници и соборци фрлаат соодветна светлина врз кој и да е момент од животот и револуционерната активност на овој македонски и општојугословенски борец и водач на комунистичкото и Народноослободителното движење.

Без еден таков темелен и совесен пристап кон работата, навистина ни оддалеку не би можел да се прикаже во сета своја светлина и значење ликот на Кузман Јосифовски — Питу, а најмалку неговиот најзначаен период на животот, кога тој, штом еднаш навлезе во неговиот револуционерен вител, остана до својата херојска смрт верен без каква и да е починка, разбранувајќи ги со својата неустрашлива преданост и смисла за организација и значајно влијание тековите на големата река на Народно-ослободителната борба и Народната револуција на југословенските народи и народности.

Почнувајќи од неговото детство и училишните денови во Прилеп, школувањето во Битола (кога тој започнува политички да се определува и оформува), студиите во Белград (кога тој непосредно навлегува во револуционерниот вител на југословенското комунистичко движење), дејноста меѓу прилепските интелектуалци, учеството во раководството на протресивното студентско движење во рамките на кое се калечеше и прекалуваше низ брановите на честите демонстрации, активноста во предизборната борба во 1938, во МАНАПО и работничката партија, па до прераснувањето во професионален партиски работник во Прилеп и избирањето за член на ПК КПЈ за Македонија, животниот пат и мисловниот револуционерен развиток на Кузман Јосифовски — Питу навистина се исклучителни како по однос на неговите лични особини и ка-

рактеристики, така и по однос на непоколебливата преданост на делото на КПЈ и КПМ, кои се ставија на чело од величествената борба на народите и народностите на Југославија против бројните фашистички окупатори и квислинзи. Штом еднаш влезе во револуционерниот вител на КПЈ, Кузман речиси насекаде е присутен и постојано подвижен, некогаш по налог на тоа движење, а често и самоиницијативно, но секогаш согласно на разните околности и барања.

Во првата книга на монографијата, на пример, неговата револуционерна патека — онака како Коце Солунски живо и сликовито ја рисува со своето емотивно перо — започнува со „Политичкото формирање“ во Битола и минува низ револуционерниот вител во Белград за време на неговите студии, дејноста на прилепските интелектуалци во 1937 година, учеството во раководството на прогресивното студентско движење, студентската колонија во Охрид, предизборната борба во 1938 година, делегацијата на МАНАПО кај Мачек, задолжението за Сремска Митровица, посетата на Софискиот универзитет, станувањето на секретар на Месниот комитет во Прилеп, јавниот настап на собирот на тутунопроизводителите во Прилеп, средбата со Сретен Жујовиќ и Светозар Вукмановиќ во Прилеп, формирањето на партиско раководство во Кичево, преминувањето во илегалство, присуството на покраинската партиска конференција, провалата, илегалната работа во Битола, присуството на партиското советување на 9 септември 1941 година, првиот судир со бугарскиот окупатор, престојот во Софија, повторното преминување во илегалство, заминувањето во Западна Македонија по решение на ПК, формирањето на местен комитет во Кичево под негово раководство, средбата со раководителите на КП на Албанија, запознавањето со организациите во Гостивар, Маврово и Тетово, обиколката на Западна Македонија и повторното враќање во Скопје во почетокот на 1942 година, повторната обиколка на теренот и одењето во Албанија, враќањето пак во Скопје, одењето по петти пат во Тирана, подготвувањето на базите за покраинското раководство, конечното преоѓање на работа во Скопје, шестото патување во Западна Македонија и Тирана, интензивната активност во ПК заедно со Мирче Ацев и другите, а завршува со седмото по ред заминување за Западна Македонија, додека пак во втората книга акциониот револуционерен радиус на Кузман — според деталниот приказ на Коце Солунски — е исполнет со следните активности: присуството на првиот состанок на ЦК КПМ во Тетово, Мајскиот состанок на ЦК КПМ, заминувањето во Преспа и Егејска Македонија, работата на подготовките за одржување на преспанскиот состанок, заминувањето во Скопје со цел да се вклопи во неговото НОД, напорите за ширење на организацијата на Народниот фронт и известителната служба, работата на подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ, насочувањето на активноста на акциониот комитет и одржувањето на врските и односите со ЦК БРП (к).

Движејќи се без застој и прекин по оваа акциона патека, во исклучително илегални, неизвесни и секогаш ризични по личниот живот услови, Кузман доживува и преживува разни ситуации и околности, изненадувања и запрепастувања, интимни внатрешни задоволства и радости, но никогаш разочарувања и паѓања во духот, наоѓајќи секогаш излез и бележејќи сè поголеми успеси и резултати на својата партиска одговорна работа. Често движејќи се самиот по беспаќа и непознати терени и средини, среќавајќи се со бројни дотогаш непознати луѓе, сепак тој успеваше да наоѓа излезни и секогаш предомисливи решенија дури и во моменти кога тие беа навистина безизлезни. Затоа и сите негови илегални и легални водачи и курири по должината на целата негова револуционерна патека за време на окупацијата остануваа вчудоневидени и полни со задоволство што им се укажала прилика да го водат или следат, иако во најголем број на случаи и не знаеја со кого одат на неизвесен пат. Ако не беше доследно револуционерно и смело убеден во исходот на својот пат, дури и тогаш кога доспеваше дури во Тирана, Софија и Солунското Поле, движејќи се по дожд и снежни вијулици со своето црвено шалче, шарениот иберцигер, картата на Европа и малиот нотес во џебот, тој секако немаше да стигне речиси постојано во вистинскиот час таму каде што требаше. Можеби ќе стигнеше на време и на 25 февруари 1944 година, непосредно пред самото ослободување на Македонија и Скопје, доколку на самата негова периферија не беше пронижен со куршум од заседата на бугарските окупатори. Оние што дотогаш доста добро го познаваа дури и не веруваа дека Кузман загинал, зашто тоа беше првпат кога тој не стигна на закажаниот состанок.

Па сепак, иако конечно на 24 февруари 1944 година се прекина непрекинатата дотогаш револуционерна патека на Кузман таа насекаде каде минуваше остави длабоки неизбришливи траги. За нив дури и по триесет изминати години оттогаш раскажуваат со восхит и интимна тага во своите души сите оние кои имале прилика да се сретнат и запознаат со него. Коце Солунски успеал така да ја осветли Кузмановата револуционерна десетгодишна патека, а особено онаа во времето од 1941 до 1944 година, што таа насекаде каде минува светли како вечно неизгаснат факел. Зашто, покрај другото, секоја стапалка на Кузман насекаде оставаше навистина длабоки траги, а секоја средба со него неизбришливи спомени и сеќавања. Тоа што сите нив Коце Солунски ги прикажува со најситни детали и дури прозаично насекаде каде беше присутен Кузман Јосифовски — Питу го сочинува она највредното во содржината на овие две книги на монографската студија за него. Од тоа гледиште, оваа биографска студија за народниот херој Кузман Јосифовски — Питу претставува своевиден историски и книжевен род на обработка на најсветлите страници од најновата борбена историја на нашиот народ и народностите во Македонија. Зашто за револуционерната патека на Кузман најмалку зборува Коце Солунски. Тоа го прават за него повеќе стотици борци, револуцио-

нери и обични луѓе, така што човекот кога ги чита страниците на овие две книги добива впечаток како да чита нешто за себеси, за својата биографија и биографијата на својот народ. Затоа со право Блаже Конески констатира дека „изненадува при читањето на оваа книга каква длабока трага имено со својствата на благородна хумана личност оставил Кузман Јосифовски во душите на сите оние луѓе со кои се среќавал и соработувал во тешките години на војната“ и дека „оваа монографија зафаќа широко во епохата што се опишува, запознавајќи не со лугето, настаните и со самата атмосфера на тоа бурно време“, односно дека поради сето тоа „Коце Солунски дава со оваа монографија еден труд што историографијата нема да го одмине“, но дека „тој дава и текст интересен и впечатлив за кој ќе му биде благодарна широката читачка публика“.

Од првата книга на монографијата, на пример, читачот открива дека Кузман потекнува од традиционално револуционерното семејство на неговиот дедо Јосиф од селото Велмевци кое за време на Илинденското востание било наполно опустошено и изгорено. Затоа тој се преселува во Прилеп, каде „печалел леб, печејќи леб“. Неговата револуционерност ја продолжуваат синот Цветан и снаата Ицка, родителите на Кузман. Во нивното семејство Кузман се раѓа на 15 јуни 1915 година како трето по ред од вкупно петте родени деца. „Тоа е време — вели Коце Солунски — кога низ Прилеп се шепотат вистини и невистини дека Србите ќе си одат дома, Бугарите ќе ги заменат и дури по некои „несмирени“ оптимисти говорат: „Македонија ќе си добие автономија“. Во неделата, како што наложуваа обичаите, се собираа роднини и пријатели го односеа бебето преку пат во старата црква „Св. Благовештение“ на крштевање. Нункото Јаќим се договорил со своите дома детето да го крсти Борис. На прашањето од поп Ѓорѓија „кажи нунко име?“. Одговорот гласи: „Борко“. На попот му е позната наредбата на власта за давање „национални“ имиња. Му се доближува на Јакима и не многу гласно му рече: „Друго, бре, друго име кажи... не тоа“.

Нункото Јаќим е збунет. Настанува мачен молк.

„Ајде, ајде, смисли некое друго... не може тоа“, се обидува попот да ја прекине незгодата.

Сите молчат. Се чека разрешување.

„Е, не ми текнува... Борко ќе се вика“, пак вели нункото, тврдо.

Попот се доближува уште поблизу до увото на нункото: „Ајде да ти помогнам... крсти го Кузман!“

Уште од првите свои години „Борко“ склопува најцврсто пријателство со бабаси Ѕака. Од неа сознава дека нејзиниот дедо е отепан како комита. „Бабаму Ѕака му го објаснува знамето на Македонија, сѐ во полушепот. И тој веќе свикнува кои теми се за шепотење. Особено откако вујко му Милан Младен го затворија в затвор заради комунистичка антинародна дејност“. Како тенко — висок и надвишен над повеќето другарчиња, Кузман стои во последниот ред. Меѓутоа, „во училиштето нема предмет по кој Куз-

ман нема одлична белешка, а пак историјата особено му оди лесно. Учителката по историја Ката, просто ужива да го скорнува Кузмана, зашто не само што знае ами умее и убаво да раскажува. Тој се истакнува и во драмската секција. Главната улога обично му припаѓа нему".

„Во четвртото оделение учителот Станко ги научи да калемат дрвчиња. Љубовта за одгледување дрвчиња на Кузмана му остана за секогаш, но условите на неговото натамошно живеење не му одеа од рака за уживање во оваа пасија... Како одличен ученик во основно со голема копнеж ја дочека есента 1926 да се запише во први клас гимназија. Училиштето му е преку пат од куќата. И училницата е свртена со прозорците кон **домот на Судот**. Кога пред нивната училница цандарите спроведуваа обвинети луѓе и потоа како осуденици в затвор и по нив нивните семејства со плачки, Кузман тоа многу тажно го поднесува. Коментира со другарите. Зборовите „правда" и „неправда" често се употребуваат. Во 1928 година вујко му Ордан Чкатров и докторот Петре Брдаров власта ги протерува преку грчка граница... Кузман за сѐ најјасно е информиран од вујко си Милан Младен... Во ова време почнува да расте интересот на Кузман за политички настани...".

„...Кузман сѐ повеќе ја запоставува баба си за активен политички разговор. Неа и натаму со задоволство ја слуша кога му раскажува, како приказни. А вујко му Младен сѐ повеќе му импонира. Кузман дознава дека низ градот се ширеле некакви скришни книги за читање... Додека е во IV клас гимназија доаѓа до текстови на Максим Горки. Еден ден на баба си ѝ вели: Ела да ти прочитам за еден народен борец Данко". „Знаете... Данко си го откинал срцето од градите и со него му го осветлувал темниот пат на народот во некое мочуриште. И народот тргнал со надеж за подобра иднина... а пак срцето на Данко светело, светело пред нив. Знаете, тоа крвта негова била вивната во пламен... колку го сакал својот народ". Воздршките на баба му и мајка му го охрабриле. Па восхитено рекол „И јас би сакал да бидам како Данко". Го задрела мајка му: „Нели сакаше да бидеш како Питу Гули?". Заради ова Кузман ѝ се налетува на баба си, бидејќи само таа знае дека тој сака да се поистовети со Питу Гули. Значи, баба му ги прераскажува нивните „тајни".

Кузман „за мала матура, како одличен е ослободен, да не полага. Меѓутоа, шестојануарската диктатура, покрај другите, стеги и тероризирање на народот го донесе и решението да се укине гимназијата за повисоки класови и Учителската школа во Прилеп. Кузман е очаен. За натамошно школување можеа да мислат само побогатите. Сите се загрижени. Баба му Saка прва почна да го куражи, дека ќе се најде излез — Кузман ќе го продолжи школувањето... Кузман ќе седи кај дедa му Миајле во Битола ... Есента Кузман оди во Битола, се запишува во V клас гимназија... Сега се почувствува послободен и се вклучува во поинтересна средина... Петтиот клас го заврши, во шестиот уште повеќе се запозна со напредни младинци. Тие му најдоа стан кај дрвен пазар,

за симболична станарина... Вујко му Милан Младен... секое одење му дава нелегален материјал да носи во Битола... И шестиот клас го положува со одличен успех. Меѓутоа, тој е сѐ поактивен во литературната дружина и особено во оној кружок каде се проучува нелегална литература... Оваа година во Битола му доаѓа и неговиот добар другар од Прилеп Мирче Ацев... Сега контактите со Прилеп ги одржуваше заедно со Мирчета... Предавајќи се со занес на револуционерната дејност, на Кузмана за прв пат му се случува да добие слаба оцена по математика. Благодарение на вујко му Стевана, кој беше одличен математичар, успеа навреме да ја поправи".

Како што минуваа годините, така се разгоруваше револуционерното движење во Прилеп од постарите работници и интелектуалци. „Затоа Кузман е на изворот на течението на револуционерното движење во градот, преку вујка си. Во Битола мислат дека Кузман е некоја „голема ѕверка" во револуционерното движење, штом многу знае и носи сѐ поактуелни комунистички брошури, летки и слично... Неговата спокојност и толерантност уште од младич уште повеќе придонесуваат за растење на неговиот авторитет... Од политички активните луѓе во градот Кузман и Мирче се запазени како напредни и кога да се актуелизира прашањето за младина од интелектуалната средина за опфаќање, меѓу првите се мисли на овие двајца... Додека Кузман престојува во Прилеп во пролетта 1935 година не му кажуваат домашните од каква болест боледува татко му. Откако си замина за Битола, по неполн месец, на 10 мај 1935 година... татко му всушност починал... На Кузмана му е последна година во гимназијата. Оваа година неговата и онака изразита сериозност прерасна во молчаливост и себезатворање. Сакаше да биде ослободен од матура. И успеа. Истата година есента отиде во Белград и се запиша на Правниот факултет. Таму уште веднаш е прифатен во друштвото „Вардар" а и како комунист афирмиран ужива доверие од истакнати револуционери, меѓу кои и Иво Лола — Рибар".

„Револуционерното студентско движење во Белград Кузмана го импресионира. Тој сега се чувствува многу смел и горд. Сепак, колку да беше подготвен за овој вител, бруцошката година му е исполнета со повеќе возбудувања отколку што можеше да очекува. И без тоа, токму ова време се разгорува револуционерната студентска активност на Белградскиот универзитет... Овде Кузман се соочува со изворна литература. Овде почнува организационо и систематско проучување на класиците на марксизмот... Кузман води студентски, особено му оди по рака да организира печалбарски групи... Слободарскиот Белград, Кузман го напојува со голема храброст, со пркос и сигурност. Тој станува пожив и поцврст, како да е постојано во вителот на бурните акции на студентите на Белградскиот универзитет. И не само во него... Кузман со прилично акумулирано политичко познавање се вклучува во прилепската раздвижена предизборна атмосфера... Загрижен е и сериозен, политички активист. И природната скромност му оддава

аскетски црти. Не зборува многу, но по малкуте реченици што ги искажува остава впечаток за чесен, конструктивен и добро намерен човек. Сите, од движечката јавност во Прилеп, знаеја дека постои комунистичка организација. И оние што не беа членови на Партијата по претставата за правите комунисти почнаа да говорат за Кузмана: „Внатре е!". Што значеше дека Кузман е комунист. Секое негово движење и терминологија му се партиски. Тој не е наметлив во дискусиите, но се покажува дека длабоко навлегол во приликите во Прилеп, па и цела Македонија. Заради сето тоа неговото подоцнешно активирање во „Штабот" околу изборите во 1966 година не изгледа како мешање од надвор, ами помагање".

„Кузмановиот опит за ориентација при влегувањето во политичкиот живот во Прилеп сѐ повеќе му послужува за полесно снаоѓање во нерамнолинејноста на политичката борба. Тој постепено навлегува во ставовите и целите на националослободителното и комунистичкото движење, и овие два извора за него значат творечко канализирање во едно течение... Кузман се оформува од ден на ден во добар политички тактичар, кој својата стратешка цел никогаш не ја загубува од предвид — класното е прогресивно и единствено; по тој пат може да се дојде до социјален превврат, па националното како само по себе ќе произлезе од револуционерен акт. Сега тој се впушта во политички пловења, но со радар пред себе, кој го опоменува на подводните карпи. И внатрешната маркација е веќе изградена... Кузман се враќа во Белград кога революционерниот вител е извишен до кулминација... За Кузмана среќното живеење значи постојано да се биде на вртокот на революционерните настани, заедно со сите другари околу себе, што те сакаат и што ги сакаш... Се развива Кузман во општествено-политички работник, кој умее да пренесе и да даде директиви... Кузман ги наговара младите студенти да се поврзат со своите земјаци и да ги поведат каде што македонските народни студенти организирале некоја приредба, збор или демонстрација... Иако е Кузмановото движење скромно, без врева тој се препознава дека е член на Комунистичката партија, дури во некое нејзино раководство. Од него се чита дека е загрижен партиски работник. Сериозен до аскетизам. Со многу трезвени квалитети. Мирен во расудувањето".

„Во белградските секојдневни бурни настани, во судирите со власта, Кузман ја чувствуваше класната борба во секоја нишка. Ако во тој стил продолжеше и овде во Прилеп, би значело подемот да се доближува до класичните манифестации на социјалистичка револуција. Меѓутоа, тој сега ја чувствува борбата за слобода со многу нерамнини, понекогаш толку тешки што ја оддалечуваат слободата до немирливи мерила. Кај Кузмана сега се сосема јасно и свесно, врзани во цврст јазел, класното и националното. Во него е изграден нескршлив отпор против разбирањето на взаемната сила на класното со националното... Повеќе од секогаш му конвенира работничката средина. Во работниците ја гледа сериозната загриженост за идни-

ната... Тој е со благородни чувства. Но како да ги закопува во себе. И од другите бара прецизност и јасност. Секогаш сака повеќе да се дружи со сериозни луѓе. Шарлатанството го нервира. Можеше лесно да се види дека е издигнат од трудбеничка средина. Ова врз него оставило печат. Додека во овие студентски години неговите врсници и другари ќе се фрлат за авантури, тој не. Тој е закопчан за интимата и срамежлив. Се памети неговото својство, кога говори со некого, се загледува во него, до крај, додека го ислуша. И не реагира веднаш. Ами додека размислува, проникнува, си прави мала пауза. Ова го прави уште повеќе сериозен. Ако знае дека си комунист, тој од себеси поаѓа во својствата, комунистички и смета дека се задолжителни за секого и затоа не трпеше никаква дискусија... Просто не ги трпи комунистите ако не се директно вклучени во акција. Вербализмот не само што не го сака, ами го лути. ...Ако се прими од него задача нема неизвршување“.

„...Тој во куќите каде што престојува ги освојува домаќините... Моќта за веродостојно остварување на целта — слободата, толку силно се пројавува во секој збор на Кузмана, што претставува израз на општите чувства на слободољупците. Кузман како да е роден за претставник на материјализирана илузија, која ги прекинува сите нишки во врска со кусиот човечки живот, потонат во неправда, алчност и суета... Во 1938 и почетокот на 1939 година, кога во Белград врие од силно движење и демонстрации, Кузман е истакнат како сакан претставник на македонските народни студенти. Од него има поталентирани говорници, но Кузман со својата скромност и конструктивност освојува. Тој кога говори..., доживува најсилни ракоплескања и одобрувања... Кузман за ова време добива и извршува задачи од посебна важност. Тој е во врска и со Комитетот на затворот во Сремска Митровица. Тој и Страшо Пинџур водат грижа за политичките затвореници од Македонија... Тој е строг и бескомпромисен и толку конспиративен што на некои пораспашани им изгледаше дека е горд. Но, било кој да дојде во близок контакт со него кога да се судри и со неговата блага насмевка, сите сомневања се распрснуваат и само симпатиите спрема Кузмана растат и се зацврстуваат... Кузман е во тесното раководство за сите студенти, а за македонската група значи апсолутен авторитет... Додека во 1938 година Кузман уште видливо растрчува во организирање на Студентската колонија за одење во Охрид, во 1939 година само се чувствува неговата организациона присутност. Но, кога станува збор за чисто партиско-политичка акција тој е тука, со својата трибунска надареност. Раководи, објаснува, убедува, заклучува. Навиката негова да изнаоѓа време за подготвување на конференциите и состаноците кои по правило тој ги раководи, многу му помага“.

„Во септември 1939 година во партиските ќелии на Комунистичката организација во Прилеп извршени се избори. Секретарите на ќелиите се делегирани во МК и меѓу себе го одбираат за политички секретар и (по синдикати)

Кузман (сите меѓу себе сеуште си го викаат Борко, но знаат дека крстеното име му е Кузман)... Тогаш во Прилеп пристигнал Методија Шаторов — Шарло... Сега кога станува секретар на Месниот комитет на Комунистичката партија на Прилеп (се мисли на Кузман — Ј. С.), дури како да му е незгодно да се движи со интелектуалци. За овие свои чувства, за ова кинење во себе ѝ се доверува на Нада Богданова... Просто се срами да облече во празник нов костум и да врзе вратоврска... Тој го форсира стилот на работничката доминација во политичкото движење во Прилеп. Дава иницијатива да се собираат на тутун работење, активисти, па во оваа форма на задружна обработка на тутунот може легално да се истапува пред поголем круг луѓе. Ова „задружно движење" во 1939 и 1940 година во Прилеп завзема ширина која не останува незабележена, како опасна, пред органите на полицијата. Кузман ужива да оди на вакви собири, каде што и ефектот на трудот е евидентен...".

„Почнува организационо-политичката работа толку да се разгранува што и Кузман и Перо Тиквар ништо друго не работат, стануваат исклучиво професионални партиски работници... Кузмановата смиреност и големата моќ за убедување придонесуваа, другите да ја истакнуваат неговата личност. Од неговата целосна преданост на изнаоѓање најдобрите можни патишта за остварување на идеалот на социјалната и националната слобода на македонскиот народ, постојано блика нескриено чувство на воодушевен следбеник и познавач за започнатото дело на Гоцета, Дамета, Јанета и Ѓорчета. Тој на многу убав начин умее да го истакнува високото човечко достоинство на овие предци и уште со поголема љубов и вештина со дело ги потврдува. Неговата прибраност и постојаност во политичката работа нема ништо општо со политиканство и демагогија која со зборови покажува каде е најпријатно, најлесно и најкорисно, ами безбедноста ја остава во друг ред, зад нелесните должности на патриотот. Но тој секоја реч ја измерува, зашто на дејството нејзино ѝ придава голем значај... Кузман не ја сака славата на говорник, но својата богата мисловност не ја препушта на случајот. Кузман ги почитува луѓето пред кои говори. Само на оној на кого му е повеќе до сила одошто до уверување не му е грижа дали неговата реч ќе биде примена. Кузмановата реч совладува и питоми. Кузман внесува во својата реч грижа, праведност и благост".

„Кузман е свесен атеист и не верува во никакви празноверици, но се чини како по невидливи патишта да се управува по древната изрека напишана во храмот во Делфи: „Запознај се себе". Ова самозапознавање и самоусовршување му е прејдено во навика од детство... Познатите мудрости, преку Кузмановата дејност и живеење, произлегуваат од неговото постоење, а не од декларации... Во времето на Кузмановиот престој во Белград, кога неговата напредна генерација е прерано остарена, не делува Кузман како вонреден талент за општествено-политичка активност и никаква волшебност во тоа нема. Тој е восприемен само како еден рако-

водител од повисок револуционерен орган; како човек, кој е поблизу до изворот на револуционерната креативност. Тој оддава една сигурност со поткрепа и покритие, и нема сродност со себеповкачувачите кои без чувство парафразираат револуционерни максими. Затоа, сите напредни луѓе го пречекуваат срдечно, и ако не се во директна организациона врска, му се доверуваат за револуционерната активност, просто заради споделување на радоста поради растежот на револуционерното движење. Неговата природа и духовни особини се потврдени и никој не е во дилема за доведување во прашање на неговата способност, искрена предаденост на делото на револуцијата и решеноста на највисока саможртва во секој момент. Сето ова го доведе да биде на истакнати позиции на партиската дејност. Тој, на состаноци сонува и зборува за создавање на нешто велико. Но тој исто така е свесен дека „од убави зборови никој не е сит", па, дури и на теоретските часови на крајот поставува конкретни задачи, да служат како маја за држење врска со изворот на теоријата...".

* * *

Одделувајќи ги само овие некои моменти од животниот пат и револуционерниот и мисловен развиток на Кузман Јосифовски — Питу од првата книга на монографската студија на Коце Солунски, покрај другото, сакавме да покажеме со какво длабоко навлегување во сите детали од неговиот животен и револуционерен опус, преку прибирањето на сеќавањата, впечатоците и импресиите на стотици соборци, совреници, револуционери, роднини и пријатели уште од раните детски години, Коце Солунски успеал да го прикаже ликот на овој навистина наш редок народен и комунистички триоун. Не само да го прикаже и осветли во сите тенкости и нијанси кои неминовно ги бара еден студиски опис на еден истакнат водач на последната националослободителна и револуционерна борба на нашиот народ и народностите од Македонија, туку и да го смести со сета негова величина и добрина во контекстот на денешните актуелни аспекти и димензии на збиднувањата кај нас, во чии текови повеќе го нема Кузмана Јосифовски — Питу и бројните други негови, повеќе или помалку познати, организатори на НОБ и Народната револуција кај нас.

Се нижат страниците една по друга на првата и втората книга на монографијата, но со уште почесто нанижани оцени, констатации и карактеристики на незаборавениот лик на револуционерот Кузман Јосифовски — Питу. За него во овие две книги на монографијата на Коце Солунски не зборуваат само неговите најблиски роднини и совреници Левта Јосифовска, Ицко Волнарски, Аспарух Јосифовски, Милан Младен, Вита Шкатровска, Илија Милчин, Стеван Шкатров, Димче Ацимитрески, Димче Левков, Перо Коробар, Даре Џамбас, Нада Богданова, Мице Димески, Методија Соколоски, Томе Ангеловски, Благоја Поповски, Сотир Дамески, Киро Димуш, Љубен Лапе, Васка и Коста Циривири, Стиле Милевски, Лазар Соколов, Дејан Алек-

сиќ, Перо Тиквар, Недан Сабатко, Борка Симонот, Славка Фиданова, Киро Крстевски — Платник, Диме Бојановски — Дизе, Блаже Конески, Коле Чашуле, Нуредин Даут, Вера Ацева, Ило Николовски — Луј, Веселинка Малинска, Абдула Прешова, Осман Мифтари, Ицко Гароски, Стеван Петрески — Туте, Ѓорѓи Икономов, Блага Попова и бројни други, туку и помладите од него борци и комунисти кои само еднаш или повеќе пати имале прилика да се сретнат со него во текот на НОБ и Народната револуција: Пепе Јовановски, Дракче Богески, Томе Буклевски — Маќули, Борис Алексовски — Карче, Сандре Груевски, Крсте Марковски, Јаким Синадиновски, Гиго Менкаровски, Томо Софрониевски, Круме Наумовски, Заре Лазаревски, Филип Брајковски, Добре Трпоски, Тошо Поповски, Крсте Црвенковски, Борко Темелковски — Лилјакот, Бранка Михајловска, Џафер Кодра, Љутви Руси, Благоја Талески — Иван, Гога Печијаре, Злате Тренески, Аризан Несторовски — Марче, Дане Цеков, Дилко Трпески, Пеце Божиновски, Вангел Нечески — Тунелот и бројни други од разните краишта на Македонија.

Интересно е што сите овие и низа други имиња кои се цитираат во текстот на двете книги на монографијата на Коце Солунски или се споменуваат во фуснотите, како по договор со најголем восхит зборуваат за ретко среќаваните лични и комунистички особини на овој заслужен син на нашиот народ и народностите од Македонија, меѓу чии напредни претставници тој постојано се наоѓал пред и за време на војната, како и меѓу „своите" македонските. Кога човек ги чита нивните описи и незаборавни сеќавања ликот на Кузман Јосифовски — Питу, како да добива впечаток дека сите заедно и секој одделно, независно од својата возраст, интелектуално рамниште, професија и своите лични особини и карактеристики, како и придонесот што го дале за НОБ и Народната револуција во Македонија и Југославија, како истовремено да се восхитуваат и да завидуваат што не биле такви како што го познавале и доживувале Кузмана во судбоносните денови на нашите народи и народности. Интересно е што Коце Солунски покажува во овие свои две книги за Кузмана дека овој истовремен восхит и завидување останале неизбришливи кај сите оние што тој ги цитира и врз кои дава уверени воопштувања за животот, делото и времето на Кузман и по триесет години од неговото храбро загинување.

Токму затоа, штом ја прочита последната страница на овие две книги, читачот од средината на неговите современици и учесници во НОБ и Народната револуција на нашите народи и народности не може а да не констатира дека е подобро што Кузман Јосифовски — Питу загина пред време, бидејќи — онака како што го прикажува Коце Солунски неговиот живот, дело и време — тој останува светол и величествен горостас пред сè со своите величествени човечки особини и одлики кои насекаде и во секоја средина го правеа редок и исклучителен. Особено од гледиштето на моралот и етиката, на оние длабоко човечки и комунистички

добрини со кои постојано беше накитен секој Кузманов револуционерен чекор, секој негов настап, секоја негова постапка, секоја негова мисла и размисла. Речиси бројните негови сѐ уште живи соврсници, борци и револуционери, по силата на околностите во кои денес живеат секако поинаку изгледаат, постапуваат, мислат и чувствуваат отколку што кога беа заедно со Кузман на иста револуционерна задача, иако, за жал, на сите нив им е познат фактот дека започнатото дело на Кузман и бројните како него, започнатата револуција од пред војната уште трае и кај нас и ќе трае непрестајно сѐ додека не станат доминантни комунистичките, општочовечките односи и општочовечкиот морал меѓу луѓето.

Токму како порака во тој поглед кај сѐ уште живите борци и револуционери пред, за време и по војната и особено кај младите градители на вистински нови самоуправни односи меѓу луѓето кај нас, двете книги на Коце Солунски за Кузман Јосифовски — Питу претставуваат посебен придонес во нашата современа историографска литература. Во толку повеќе што животот, делото и времето на Кузман сѐ уште траат, иако често испрекинати со паѓања и скакања, скренувања од вистинскиот револуционерен пат и застранување во разни области и дејности. Ако ништо повеќе, тоа барем поради таквиот најнов од на нашата револуција двете книги на Коце Солунски за Кузман Јосифовски — Питу имаат нешто поголемо значење од она што го содржат како напишан текст во смисла на достоинственото оддолжување кон него како човек пред сѐ, а и како кон заслужен син на нашиот вековно напатен и секогаш слободарски настроен народ.

**Ј. С.**

## Блаже Ристовски, НАЦЕ ДИМОВ (1876—1916), Скопје 1973

Во издание на Македонската академија на науките и уметностите излезе овие денови од печат книгата на Блаже Ристовски за македонскиот општественик и емигрант во Русија Наце Димов.

Поделена на три дела книгата за Наце Димов во првиот дел го опфаќа животниот пат и активноста на овој борец за слободата и единството на Македонија (стр. 7—60); вториот дел го содржи во оригинал на руски јазик фототипското издание на малата брошура на Наце Димов (стр. 63—78), а третиот дел ги содржи белешките, резимето и регистерот на личните имиња (стр. 79—97).

Потпирајќи се на архивската документација што ја пронашол во оставнината на Наце Димов во Ленинград, како и на малкуте објавени податоци во постојната литература, Ристовски успеал да ни ја приближи тешката атмосфера на велешкото село Папрадиште во кое се родил Наце Димов, а кое морал, поради изгорувањето од разбојничките банди и убиството на неговиот татко, да го на-